OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 13 јуни 2018 година

# Лифт бизнис кредит – за ниво погоре!
## Нов производ на Охридска банка Сосиете Женерал наменет за мали и средни претпријатија

Охридска банка Сосиете Женерал, во своето корпоративно кредитно портфолио воведува нов бизнис кредит – **Лифт кредит**, наменет за мали и средни претпријатија кои имаат потреба од финансирање на тековните деловни активности.

Лифт - бизнис кредитот е креиран со цел да им помогне на малите и средни претријатија да го подигнат својот бизнис на едно повиско ниво, односно преку поволна каматна стапка и атрактивна понуда без дополнителни трошоци, малите и средни претпријатија да можат да го унапредат своето работење, да набавуваат материјали и стока, да го финансираат тековно производство, или генерално да ја подобрат ликвидноста на својата компанија.

Почнувајки од денес, сите заинтересирани мали и средни претпријатија, може да аплицираат за Лифт – бизнис кредит во Охридска банка Сосиете Женерал и да го искористат промотивниот период кој ги ослободува клиентите од провизија за исплаќање на кредитот, како и од провизија за одржување.

**Лифт – бизнис кредитот се карактеризира** со фиксна каматна стапка од 5.5% за целиот период на исплата на кредитот, односно за период од 13 – 36 месеци, за обртни средства, индексиран во евра, за износи од 5.000 ЕУР – 50.000 ЕУР.

Со воведување на **Лифт – бизнис кредитот** во своето корпоративно кредитно портфолио, Охридска банка Сосиете Женерал и понатаму продолжува да делува како Банка, која е во одлични и долгорочни релации со корпоративниот сектор во земјата, посветувајќи им внимание и грижа на малите и средни претпријатија, преку понуда на атрактивен производ со кој ќе им го олесни тековното работење.

Повеќе информации за **Лифт – бизнис кредитот** и за останатите производи на Банката може да најдете на www.ohridskabanka.mk или во експозитурите на Банката ширум земјата.

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker” и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“ и “Euromoney”. Во 2018 година, банката повторно ја доби наградата за Најдобра банка во Македонија, според познатиот магазин “Global Finance”.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682